Бр. 08-986/1
13.9.2021 година
Скопје

Врз основа на членовите 14 и 15 од Статутот на Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 08-348 од 21.4.2011 година, член 10, став 1 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за користење на средствата на Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 08-704/2 од 4.6.2021 година, Одборот на Фондацијата распишува

**КОНКУРС**
**за доделување 9 стипендии од Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доделува стипендии за студенти на прв циклус студии на студиските програми по француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Се доделуваат стипендии
- 5 стипендии за идни студенти - прва група
- 4 стипендии за активни студенти - втора група.

I. Право да конкурираат имаат:

**а) Прва група – идни студенти кои ги исполнуваат следните услови:**
- да планираат да се запишат на студиските програми по француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во студиската 2021-2022 година (кандидатот доставува писмо за намера);
- да не бидат корисници на стипендија од други установи, институции или компании (кандидатот доставува изјава дека не е корисник на друга стипендија);
- да се државјани на Република Северна Македонија (кандидатот доставува соодветен документ).

Условите се елиминаторни. Кандидатите кои не ги исполнуваат условите нема да бидат рангирани.

Критериуми за доделување на стипендиите се:
- постигнат успех од средното образование, за што се добиваат најмногу до 60 бодови (50 бодови од вкупниот успех во средното четиригодишно образование + 7 бодови од просечната оценка по француски јазик од основното образование + 3 бодови од познавање на француски јазик, по друг основ, за што кандидатот доставува соодветен документ)
- материјалната состојба на кандидатот, за што се добиваат најмногу до 40 бодови (кандидатот доставува потврда од Управата за јавни приходи за него и за членовите од неговото потесно семејство, родители/браќа/сестри).

Кандидатите треба да доставаат мотивациско писмо.
Со секој кандидат ќе се спроведе интервју.

**б) Втора група – активни студенти кои ги исполнуваат следните услови:**
- да се редовни студенти запишани на прв циклус-додипломски студии од четиригодишни студии или тригодишни студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (студентот доставува потврда за редовен студент),
- да бидат запишани најмалку во III семестар (студентот доставува потврда),
- да имаат постигнат просечен успех од предвидените предмети за студиската програма сметајќи од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.00, (студентот доставува потврда за положени испити, од единицата)
- да не бидат корисници на стипендија од други установи, институции или компании (студентот доставува изјава дека не е корисник на друга стипендија);
- да се државјани на Република Северна Македонија (студентот доставува соодветен документ).

Условите се елиминаторни. Кандидатите кои не ги исполнуваат условите нема да бидат рангирани.

Критериуми за доделување на стипендиите се:
- постигнат успех од студирањето, за што се добиваат најмногу до 60 бодови
- материјалната состојба на кандидатот, за што се добиваат најмногу до 40 бодови (студентот доставува потврда од Управата за јавни приходи за него и за членовите од неговото потесно семејство, родители/браќа/сестри).

Кандидатите треба да доставаат мотивациско писмо.
Со секој кандидат ќе се спроведе интервју.

II. **Висината на стипендијата изнесува 6.000,00 денари месечно.**

III. Правото на користење на стипендијата трае доколку студентите напредуваат во студиите преку полагање на испити за предвидени предмети/модули и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма, заклучно со завршувањето на студиите од првиот циклус.

Право на стипендија немаат кандидатите кои што не напредувале редовно во повисок семестар.

IV. Правата и обврските на добитниците на стипендијата ќе се утврдат со договор. Стипендијата ќе се продолжува секој семестар под услов, начин и постапка утврдени во договорот за доделување на стипендијата.

V. Потребни документи:
- Пријава (образец бр. 1);
- биографија (CV);
- уверение за редовно запишани семестри, од почетокот (првиот семестар) на студиите;
- потврда од факултетот дека се положени сите предвидени предмети, заклучно со септемврискиот испитен рок, без презапишување на семестар;
- уверение со бројот на предвидените и положените испити од претходните семестри;
- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата за оваа година, односно за пензионираните членови на семејството, да се достави документ за висината на пензијата - чек; за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или од друга институција;
- уверение од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по разни основи за претходната година за двајцата родители – старатели на кандидатот, поединечно и за самиот кандидат;
- изјава од кандидатот дека не е корисник на друга стипендија (образец бр. 2);
- изјава од кандидатот за вистинитоста на доставените документи и податоци (образец бр. 3);
- изјава за согласност за обработка и користење на личните податоци на кандидатот и неговото потесно семејство (образец бр. 4).

Обрасците може да се преземат од веб страницата www.ukim.edu.mk или од архивата на Универзитетот.

Потребните документи кон пријавата на Конкурсот се доставуваат во копија.

VI. Пријавите, со потребната документација, се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот во дневниот печат.

Документите се поднесуваат во Архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, или по пошта, на следнава адреса:

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**(за Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Константин Стојанов“)**
**Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје**

**Фондација „Константин Стојанов“**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**